ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ

# ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕБИТНИ СТУДЕНТСКИ КАРТИЧКИ ЗА ПЛАЌАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

## 1. Дефиниции

- **Банка -** Шпаркасе Банка АД Скопје, со седиште: Ул. Васил Иљоски бр. 14, 1000 Скопје, матичен број: 4558669 (регистрирана во Централен Регистар на Република Северна Македонија), даночен број: 4030993261735, број на сметка: 250000000000111, свифт адреса: INSBMK22, веб-сајт: www.sparkasse.mk, е-пошта: contact@sparkasse.mk, телефон за контакт: 02/ 15 050,
  Надлежен орган за надзор на Банката е Народната Банка на Република Северна Македонија,
  Платни системи во кои учествува Банката- КИБС, МИПС, Visa и Mastercard.
- **Општи правила и услови -** Општите правила и услови за издавање и користење на дебитни студентски картички за плаќање за субвенциониран студентски оброк издадени од Шпаркасе Банка АД Скопје;
- **Дебитна студентска картичка -** е вид на платен инструмент кој му овозможува на плаќачот - корисник на субвенциониран студентски оброк да иницира трансакција со картичката кој е поврзана со платежна сметка / дебитна партија со која ќе го плаќа субвенционираниот студентски оброк;

Вер 1.5
Објавено: 05.06.2026 година
Датум на примена: 05.06.2026 година

- **Платежна трансакција со дебитна картичка -** платежна трансакција заснована на картичка, вклучително и платежна трансакција со платежна картичка со претплата, којашто не претставува платежна трансакција заснована на кредитна картичка, пришто за износот на секоја платежна трансакција направена со употреба на дебитната картичка, веднаш или на крајот на однапред дефиниран период се намалува состојбата на расположливите парични средства на платежната сметка на корисникот на платежни услуги;
- **Корисник на дебитна студентска картичка** – Сопственикот на дебитната студентска картичка е корисник на субвенциониран студентски оброк на чие име гласи дебитната студентската картичка
- **Платежна сметка** - е сметката отворена кај Банката, којашто ја одржува Банката на име на корисникот на платежни услуги и којашто се користи за извршување на платежни трансакции.
- **Картична платежна шема** - (анг. payment card scheme) - Единствен збир на правила, практики, стандарди и/или упатства за извршување на платежни трансакции засновани на картичка, договорени меѓу давателите на платежните услуги, а коишто се одвоени од каква било инфраструктура или платен систем што би ја поддржувале нејзината работа и коишто вклучуваат определен орган на одлучување, организација или субјект, што ја носат одговорноста за функционирањето на шемата;
- **Дигитален паричник** - Специјализирана софтверска апликација за електронско плаќање на трета страна (Понудувач), која по нејзината инсталација и конфигурација на Уредот, овозможува чување на Токенот и вршење безбедни плаќања;
- **Авторизација -** Постапка со која се проверува дали корисникот на платежни услуги или давателот на платежни услуги има право да извршува определени дејствија;
- **Дневен лимит** - Дневни ограничувања на износот на средства за плаќање на физички и виртуелни POS терминали се однапред утврдени и истиот не може да се промени на Барање на Корисникот.
- **POS -** Уред поставен кај трговците, физички или виртуелен, кој служи за прифаќање на платежни картички издадени од Банката или друга Банка со цел плаќање на стоките или услугите;
- **PIN** – таен личен идентификационен број на корисникот на дебитната студентска картичка кој служи како идентификација при користењето на картичката на POS;
- **Бесконтактна картичка** – картичка која поседува технички карактеристики како и останатите картички (магнетна лента и чип) и има дополнителен конектор во вид на вградена антена преку која се остварува контактот со POS терминалот. Бесконтактна дебитна студентска картичка која ја издава Банката е Visa Classic Debit;
- **Бесконтактен POS терминал** – POS терминал кој има функционалност за извршување на бесконтактни трансакции;
- **Бесконтактна трансакција** – трансакција за чие извршување бесконтактната дебитна студентска картичка само се доближува до POS терминалот, без нејзино инсертирање или провлекување во POS терминалот, при што нема потреба од авторизација на трансакцијата со PIN и/или авторизација со личен потпис. Бесконтактните трансакции се во висина до лимит одреден од Банката согласно Законот за субвенциониран студентски оброк или до лимит поставен на POS терминалот кој прифаќа бесконтактни трансакции.
- **Работен ден** – ден на кој давателот на платежни услуги на плаќачот или давателот

на платежни услуги на примачот вклучен во извршување на платежна трансакција е отворен за работа како би се овозможило извршување на платежната трансакција, односно период утврден со правилата за работа на платниот систем и системот за порамнување на хартии од вредност кој ги опфаќа сите настани за време на работниот циклус на овие системи, независно во кој период од денот и ноќта се случуваат порамнувањата;

- **Засилена автентикација -** е потврда на идентитетот преку употреба на најмалку два од следниве три меѓусебно независни елементи: знаење (нешто што само клиентот го знае), владение (нешто што само клиентот го поседува) и својственост (нешто што клиентот е), притоа нарушувањето на еден од елементите не влијае врз веродостојноста на останатите и се осмислени на начин што овозможува заштита на доверливоста на податоците кои се предмет на проверка на автентичност.

Сите гореспоменати термини може да бидат употребени во еднина, множина или членувана форма без притоа да го изгубат дефинираното значење.

## 2. Опис на документот

**2. 1. Општи одредби**

2.1.1. Банката издава на Корисниците дебитни студентски платежни картички од брендот Visa. Картичките можат да бидат користени во физичка форма (пластика) и во дигитализирана форма преку Дигитален паричник на поддржани мобилни уреди согласно посебните Општи услови за користење на дигиталнизирани платежни картички.

2.1.2. Корисникот е должен, пред склучување на Рамковниот договор за користење на платежните услуги, да се запознае со основните карактеристики и условите за користење поврзани со платежната студентска картичка што ја издава Банката.

2.1.3. Правата и обврските на Корисникот на дебитна студентска картичка (во понатамошниот текст: Корисник) и Банката се регулираат со овие Општи правила и услови за издавање и користење на дебитни студентски картички за плаќање за субвенциониран студентски оброк (во понатамошниот текст: Општи правила и услови), општите правила и услови заедно со Барањето за платежна сметка и платежни услуги (во понатамошниот текст: Барање) се составен дел на Рамковниот договор за користење на платежни услуги. Корисникот гарантира за целосноста и точноста за наведените податоци и веродостојноста на приложените документи со Барањето.

2.1.4. Дебитната студентска картичка е сопственост на Банката, на чие барање мора да биде вратена. Истата гласи на име на Корисникот на студентската картичка и не е пренослива на друго лице.

2.1.5. Дебитните студентски картички можат да се користат во земјата, до износот на расположливите средства на партијата поврзана со картичката.

2.1.6. Банката во целост се придржува кон правилата за работа на VISA системот и Законот за субвенциониран студентски оброк со цел издавање и користење на картичката од страна на Корисникот.

2.1.7. Секое Барање за издавање, користење, измена и затворање на картичка се смета за составен дел на Рамковниот Договор за платежна сметка и платежни услуги за без оглед на датумот на неговото доставување во Банката (во моментот на склучување на Договорот и во периодот на важењето на истиот).

**2. 2. Издавање на дебитна картичка**

2.2.1. Картичката ја издава Банката врз основа на Закон за субвенциониран студентски оброк и потпишан Договор за набавка на банкарски услуги за плаќање за субвенциониран студентски оброк кај даватели на услуги кои се вклучени во мрежата на банката преку физички и виртуелни POS терминали без финансиски импликации помеѓу Банката и Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст: министерството).
2.2.2. Критериумите за издавање на картичка ги пропишува Банката.
2.2.3. Банката има право да ги провери податоците и да собере дополнителни информации кои се однесуваат на подносителот на Барањето. Одлуката за издавање на картичка ја донесува Банката, без обврска за образложување на таквата одлука.

2.2.4. Банката гарантира за тајноста за сите податоци кои ќе ги добие од Корисникот.
2.2.5. Нема можност за издавање на дополнителна картичка на дебитната студентска платежна картичка за субвенциониран студентски оброк.
2.2.6. На корисникот се дава дебитна студентска картичка и PIN број (персонален идентификувачки број). Обврска на Корисникот е да ја потпише картичката веднаш по подигнувањето. Корисникот е обврзан да го чува PIN бројот во тајност, одвоено од картичката, како би се заштитил од злоупотреба на картичката.
Корисникот не смее да го кажува PIN-от, да го запишува на картичката или на други документи, по приемот должен е истиот да го запомни и веднаш да го уништи пликот во кој се наоѓа PIN-от или да ја избрише SMS пораката во која се наоѓа PIN-от.
Настаната штета од непочитување на претходно наведеното и евентуалната злоупотреба на картичката и PIN-от е на товар на Корисникот.
2.2.7. По потпишувањето на Рамковниот договор и примањето на картичката од страна на Корисникот, Банката ќе ја активира картичката најдоцна следниот работен ден. Корисникот ќе може да ја користи картичката по нејзиното активирање.
Со подигнувањето на картичката и нејзиното користење настапуваат правните последици од договорниот однос настанат со прифаќање на условите од Рамковниот договор за користење на платежни услуги, Општите правила и услови и условите од Законот за субвенциониран студентски оброк и подзаконските акти.
Корисникот може да ја регистрира и дигитализира картичката во компатибилен дигитален паричник по нејзиното првично активирање. Процесот на дигитализација се смета за согласност на Корисникот за користење на платежната картичка преку мобилен уред.

**2.3. Рок на важење на картичката**
2.3.1. Корисникот треба да има предвид, дека само по себе неподигнувањето на картичката не води до раскинување на Рамковниот договор.
Ако Корисникот не ја подигне картичката во рок од 12 (дванаесет) месеци после нејзиното издавање, Банката може поради безбедносни причини да ја уништи неподигнатата картичка.
2.3.2 Рокот на важење на картичката е втиснат на самата картичка и истекува на последниот ден од наведениот месец. Рокот на важење на картичката се продолжува автоматски со важност од дополнителни 3 (три) години под услови важечки во моментот на пролонгирањето. Банката го задржува правото на промена на рокот на важност на картичката.
2.3.3 Банката може да не ја обнови картичката по доставена информација од Министерство за губење на правото за користење на субвенција.
2.3.4. Картичка чиј рок на важност е изминат не смее да се користи и истата треба да се уништи со пресекување на чипот и магнетната лента.

**2.4. Користење на картичката**

**2.4.1. Користење на картичката за плаќање на стоки и услуги преку POS терминал.**

2.4.1.1. Корисникот на картичката може истата да ја користи за безготовинско плаќање за производи и услуги на физички и виртуелни POS терминали во земјата во согласност со Законот за субвенциониран студентски оброк (во понатамошниот текст: Закон) и кај трговци, односно даватели на субвенциониран студентски оброк објавени во регистарот на трговци од страна на Министерството за образование и наука. Поради висината на дневниот лимит, нема потреба студентот да внесува ПИН доколку POS терминалот е бесконтактен, освен во случај каде што POS терминалот не го поддржува плаќањето да биде бесконтактно.

2.4.1.2. Корисникот има обврска при плаќање на стоки и услуги на POS терминалот, да го внесе својот PIN број, кој се третира како потпис, а на барање на трговецот да прикаже лична карта или пасош. Корисникот не смее да го кажува својот PIN број на трговецот или на друго лице.

2.4.1.2.1. При користење на картичката преку Дигитален паричник, автентикацијата на трансакцијата (потврдата) се врши преку биометриска идентификација (на пример отпечаток од прст, препознавање лице) или лозинка на самиот мобилен уред, што се смета за валидна потврда на трансакцијата и има иста правна сила како и внесувањето на PIN број.

2.4.1.3 Корисникот е согласен неговиот PIN или потпис, кој е внесен (втипкан) и проверен на POS терминал, да бидат исклучива и неспорна потврда за извршената трансакција, врз основа на која Банката ја товари, односно задолжува неговата сметка за износот на извршената трансакција.

2.4.1.4. Износот кој ќе биде ставен на располагање на Корисникот на почетокот од тековната седмица и ќе му биде достапен за користење до крајот на седмицата заклучно со ден сабота, ќе биде во висина од 140 мкд помножен со број на работни денови во тековната седмица почнувајќи од понеделник до сабота (максимум достапен износ во седмицата 6 x 140 мкд = 840 мкд), освен во периодот од 01 Јули до 01 Октомври, за време на државни празници и неработни денови како што е специфицирано во Законот за субвенциониран студентски оброк.

2.4.1.5. За извршеното плаќање продажното место издава копија на слип/сметка, и на барање на трговецот Корисникот го потпишува. Една копија од слипот ја задржува Корисникот за своја евиденција и можна рекламација. Корисникот е должен да ги чува сите документи во врска со плаќањата извршени со картичката најмалку 6 (шест) месеци. На првото барање на Банката доколку за тоа се појави потреба, должен е истите да ги достави до Банката.

2.4.1.6. Корисникот не смее да ја дава картичката како средство за обезбедување на плаќање.

2.4.1.7. Корисникот не смее да ја користи картичката за набавка на стоки и/или користење на услуги чии промет е забранет со закон.

**2.4.2. Користење на картичката за подигнување на готовина**

2.4.2.1. Со студентската картичка нема можност да се подигнува готовина на банкомати и на шалтери на Банката и на другите Банки.

**2.4.3 Други начини на користење на картичката**

2.4.3.1 Корисникот мора да има предвид дека користењето на картичката без нејзино присуство, односно при вршење на телефонска нарачка или на интернет е ризично и со склучување на Рамковниот договор за користење на платежните услуги, доставеното Барање и прифаќањето на овие Општи Правила и Услови го прифаќа предметниот ризик

2.4.3.2 Целокупната штета настаната со користење на картичка, на начин наведен во претходната точка 2.4.3.1. ја сноси Корисникот и Банката не е во никаква обврска за надомест на трошоците или било кој друг вид на штета предизвикани од евентуална злоупотреба на картичката, PIN-от или други податоци употребени при користењето на дебитната картичка за трансакации преку интернет.
2.4.3.3 За плаќања преку Интернет внес на PIN кодот не е потребен и автентикацијата на корисникот на картичката се врши преку внес на број на картичка, датум на важење на истата и на дополнителен заштитен код (CVC2), кој е втиснат на задната страна на картичката. Како дополнителна заштита за одредени плаќања се користат и други фактори за засилена автентикација согласно позитивните законски прописи, Корисникот е должен да ја користи мобилната апликација на Шпаркасе Банка АД Скопје и потврдувањето на интернет трансакцијата се врши преку мобилната апликација, каде Корисникот ги потврдува деталите за трансакцијата со одобрување на добиена порака.

**2.4.4. Лимити на картичката**

2.4.4.1. Сите облици на користење на картичката мораат да бидат во рамките на лимитите.
2.4.4.2. Корисникот на картичката е должен да ги почитува дневните и вкупните лимити за употреба на картичката за користење во VISA системот, кои се во согласност со Законот за субвенциониран студентски оброк.
2.4.4.3.

| **Тип на картичка / лимит** | | **Лимит POS (пресметка по максимумот 6 работни дена во седмица)** | **Интернет лимит (пресметка по максимумот 6 работни дена во седмица)** | **Вкупен Дневен лимит (пресметка по максимумот 6 работни дена во седмица)** |
|---|---|---|---|---|
| Visa | | 840 МКД | 840 МКД | 840 МКД |

Лимитот за интернет трансакциите е во рамки на висината на лимитот за POS трансакции. Лимитот за интернет трансакции не може да биде повисок од лимитот за трансакции на POS терминали.
Износот кој ќе биде ставен на располагање на Корисникот на почетокот од тековната седмица и ќе му биде достапен за користење до крајот на седмицата заклучно со ден сабота, ќе биде во висина од 140 мкд помножен со број на работни денови во тековната седмица почнувајќи од понеделник до сабота (максимум достапен износ во седмицата 6 x 140 мкд = 840 мкд), освен во периодот од 01 Јули до 01 Октомври, за време на државни празници и неработни денови како што е специфицирано во Законот за субвенциониран студентски оброк.
Дебитната студентска картичка клиентот ќе нема можност да ја користи во странство. Банката нема да наплаќа трошоци за изработка и користење на картичката од страна на корисникот на субвенциониран студентски оброк.

**2.5 Рекламации**

**2.5.1.** Корисникот има обврска да ја чува копијата од слипот за евентуална рекламација.

**2.5.2.** За евентуалните рекламации по извршените трансакции Корисникот доставува до Банката писмено барање, најкасно 20 (дваесет) дена од денот на настанување на рекламираната трансакција.

**2.5.3.** Рекламациите кои нема да бидат доставени на начин и рок наведен во точка 2.5.2. нема да се прифатат, а финансиските последици ги поднесува Корисникот.

**2.5.4.** Корисникот е должен да ги подмири вкупните трошоци без оглед на рекламациите.

**2.5.5.** Рокот за решавање на рекламациите го одредува Банката во согласност со правилата на картичните организации VISA.

**2.5.6.** Во случај на неоправдана рекламација, Корисникот се ослободува од плаќање на трошоци според важечка Одлука за надоместоци (тарифи) на Банката.

**2.5.7.** За рекламации кои се однесуваат на квалитетот на купените стоки или услуги, платени со картичката, Корисникот се обраќа исклучиво на продавачот на стоката односно давателот на услугата.

**2.5.8.** Доколку Банката изврши неавторизирана платежна трансакција или неправилно изврши платежна трансакција, корисникот има право на исправка со поднесување на известување до Банката најдоцна во рок од 13 месеци од датумот на задолжување.

Во случај на извршена неавторизирана платежна трансакција, Банката ќе го врати износот на неавторизираната платежна трансакција на плаќачот, веднаш по дознавањето за трансакцијата или добивањето на известувањето за истото од корисникот најдоцна до крајот на следниот работен ден, освен ако Банката има разумен основ да се сомнева во измама и таквиот основ да го пријави до соодветните надлежни органи на писмено.

**2.5.9.** Банката и Корисникот се согласуваат дека, освен во случај на постоење на виша сила, ќе се смета дека Корисникот постапувал со крајно невнимание доколку не ги преземе разумните мерки за заштита на платниот инструмент и неговите сигурносни обележја, утврдени во овие Општи правила и услови, вклучувајќи ги но не органичувајќи се на следниве случаи:

2.5.9.1. Ако Корисникот не врши редовна проверка (најмалку еднаш неделно) на известувањата и другите информации што Банката му ги доставува или ги става на располагање, со цел навремено да открие и пријави неавторизирана трансакција;

2.5.9.2. Ако Корисникот добие едно или повеќе известувања за трансакции или активности поврзани со неговата платежна сметка или картичка, кои се сомнителни, а не побара веднаш блокада на картичката;

2.5.9.3. Ако Корисникот не ги ажурира навремено своите контакт податоци (на пр. телефонски број) во Банката;

2.5.9.4. Ако Корисникот ги зголеми лимитите за трансакции на износи два или повеќе пати над препорачаните од Банката, без оправдана причина, и не ги врати на препорачаните вредности по извршувањето на трансакциите;

2.5.9.5. Ако Корисникот пријави неавторизирани трансакции или Банката го извести за ризикот од идни неавторизирани трансакции, а не даде согласност за блокирање на картичката;

2.5.9.6. Ако Корисникот внесе податоци од картичката (број на картичка, рок на важност, PIN, CVC2 код и сл.) за онлајн плаќање, а не преземе технички мерки за нивна заштита од неовластен пристап;

2.5.9.7. Ако Корисникот направи фотографии со податоци од картичката (вклучително и сигурносни обележја) и истите ги прати преку е-маил порака или преку други канали за комуникација до сомнителни продажни места и не побара веднаш блокирање и замена на картичката.

2.5.9.8. Ако Корисникот го потврди известувањето за трансакција (порака во мобилната апликација) на мобилната апликација за трансакција која самиот не ја иницирал или за која не ги проверил деталите пред потврдувањето;

2.5.9.9. Ако Корисникот овозможи неовластено лице да има пристап до неговиот мобилен уред или до мобилната апликација на Банката преку споделување на личната лозинка, PIN код или со регистрирање на биометриски податоци на трето лице во поставките на самиот мобилен уред;

2.5.9.10. Ако Корисникот не ја деактивира мобилната апликација или не побара итно блокирање на дигиталните канали од страна на Банката во случај на губење, кражба или компромитирање на мобилниот уред на кој е инсталирана апликацијата, вклучително и обврската за итно блокирање на дигитализираната картичка во Дигиталниот паричник во случај на губење или компромитирање на мобилниот уред или биометриските податоци.

**2.6 Украдена / изгубена картичка**

2.6.1. Корисникот е обврзан да ја чува картичката и PIN бројот кој го добива со картичката.

2.6.2. Во случај на губење или кражба на картичката, или по добивање на сознание за извршени неавторизирани трансакции, Корисникот има обврска да во најкраток рок ја извести Банката во писмена форма со пополнување на соодветен образец на шалтерите на Банката или телефонски да го пријави губењето во Контакт Центарот на Банката на телефон 02/15050, кој е достапен 24/7, или во текот на работното време во експозитурите на Банката. Обврската за пријавување губење или кражба се однесува и кога станува збор за мобилниот уред преку кој се користи дигитализираната картичката преку Дигитален паричник.

2.6.3. Банката има обврска да по приемот, усмен или писмен, на известувањето за губењето на картичката да ја блокира истата.

2.6.4. Во случај на сомневање во кражба или злоупотеба на картичката, Корисникот има обврска случајот да го пријави во Банката и кај надлежните органи во најкраток можен рок.

2.6.5. Корисникот ги сноси сите законски последици и одговорност за евентуално неовластено користење на картичката.

2.6.6. Вкупниот износ на штета која ќе настане до моментот на блокирање на картичката, како резултат на губење/кражба или друга злоупотреба на картичката или PIN-от, вклучувајќи ги и трошоците за блокирање и одземање на картичката, ги сноси Банката.

2.6.7. Трошоците за издавање на новата картичка, како резултат на губење/кражба на картичката или PIN-от се на товар на Банката.

2.6.8. Доколку Корисникот, после одреден период, ја пронајде картичката која претходно била пријавена од негова страна за трајно блокирање, истата не смее да ја користи. Во спротивно, сноси законска одговорност за неовластено користење.

2.6.9. Корисникот на картичка има право да побара реиздавање на нов PIN код во случај на пријавено губење односно заборавање на PIN кодот, за што трошоците, се на товар на Банката.

2.6.10. Корисникот на картичка има право да бара замена на оштетена картичка пред истекот на рокот на важење, при што трошоците за реиздавањето се на товар на Банката.

**2.7 Надоместоци, провизии и камати**

2.7.1 Банката не наплаќа месечна провизија за одржување дебитната студентска картичка од корисниците на субвенциониран студентски оброк се додека го имаат статус на студенти и се корисници на субвенциониран студентски оброк. По промена на статусот или по губење на правото за користење на субвенција, дебитната студентска картичка се затвора и не може да се користи.

**2.8 Откажување на користење на картичка**

2.8.1. Банката и Корисникот на основната картичка можат да го откажат користењето на основната картичка.

2.8.2. Банката може да го одземе правото на користење на картичката без образложение, доколку Корисникот не се придржува на одредбите дефинирани во Општите правила и услови.

2.8.2.1 Банката без отказен рок ќе го откаже користењето на картичката, доколку

Корисникот:
- Не се придржува кон обврските преземени со овие Општи правила и услови и Рамковниот Договор за користење на платежните услуги;
- Не се придржува кон услови за користење на дебитната студентска картичка дефинирани со Законот за субвенциониран студентски оброк, овие Општи правила и услови и Рамковниот Договор за користење на платежните услуги;
- Не ги ажурира податоците за себе благовремено и во согласност со законските и подзаконските прописи за работење и не ги почитува другите законски прописи со кои се регулира предметната материја;
- Има значајни промени во условите под кое се одобрило издавање на картичката и кои влијаат врз неговиот кредибилитет и способност за измирување на обврските (престанок на работен однос, промена во имотна состојба, поведување на судски спор, доброволно или со извршен акт се ограничи некое од правата на сопственост и др.);
- Доставил невистинити и неточни податоци или документација;
- При започнување на дејствие на присилно исполнување спрема Корисникот од Банката или од трети лица;
- Во случај Банката да добие информација од министерството дека корисникот е избришан од евиденција на корисници на субвенциониран студентски оброк.

Доколку Банката го откаже користењето на дебитната студентска картичка Корисникот мора да ја врати картичката на Банката и да изврши целокупна исплата на сите побарувања по основ на Рамковниот договор, овие Општи правила и услови и надомест на сите штети.

2.8.2.2 Банката може во секое време да го ограничи и правото на користењето на платежната картичка, а особено:
- Кога три пати последователно е внесен погрешен PIN;
- Кога е пријавена кражба или губење на картичката;
- Во случај картичката да се појави на листата на стопирани картички, во кој случај и секое продажно место и Банкомат е овластено да ја одземе картичката при обид за нејзино користење;
- Во останати случаи од значење за безбедност односно исклучување на ризик на било која од договорните страни.

2.8.3. Банката, другите Банки и продажни места имаат право да ја одземат картичката од Корисникот, на кого му е одземено правото на користење.

2.8.4. Во случај на престанок на важноста, блокирање или откажување на користењето на физичката дебитна картичка (пластика), автоматски престанува и правото на користење на нејзината дигитализирана верзија во Дигиталниот паричник. Банката може независно да го ограничи или укине само правото на користење на дигитализираната картичка (токен) доколку се исполнети безбедносни услови, притоа оставајќи ја физичката картичка активна за користење.

## 2.9 Завршни одредби

а. Банката не сноси никаква одговорност ако Корисникот не може да ја употреби картичката во следните ситуации кои се надвор од контрола на Банката:
- Технички проблеми со опрема, систем, телекомуникации и струја;
- Штрајк или други вонредни околности;
- Кога картичката е заробена на продажно место или на банкомат и истата е

оштетена;

- Кога од било која причина продажното место не ја прифаќа картичката ;
- Технички прекини, софтверски грешки или недостапност на услугите на трети страни - понудувачи на Дигитални паричници кои се надвор од контрола на Банката.

б.Општите правила и услови се објавени на официјалната web страна на Банката и се достапни во експозитурите на Банката.

в. Банката го задржува правото на измена и дополнување на овие Општи правила и услови за издавање и користење на на дебитни студентски картички за плаќање за субвенциониран студентски оброк, при што Корисникот е согласен Банката да ги применува измените. Ќе се смета дека корисникот ги прифатил предложените измени доколку пред датумот на примена на измените не ја извести Банката дека ги одбива истите.

г. За се што не е уредено со овие Општи правила и услови ќе се применува Законот за платежни услуги и платни ситеми, Законот за субвенциониран студентски оброк, други законски прописи, подзаконски акти и интерните актите на Давателот на платежни услуги. За корисниците кои ја користат картичката преку дигитални паричници, овие Општи правила и услови се применуваат заедно со Општите услови за користење на дигитализирани платежни картички на Банката.

д. За сите спорови надлежен е стварно надлежниот суд во Скопје.